РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1418/9
06-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од осмата седница одржано на ден 01.08.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1418/1 од 15.03.2023 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1418/1 од 15.03.2023 година.
Предметот со број 08-1418/1 од 15.03.2023 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-1418/1 од 15.03.2023 година е оформен по сопствена иницијатива.
По извршениот увид во својата евиденција ДКСК утврди дека лицето ______________________ не доставилко анкетен лист во законски утврдениот рок по престанок на функцијата директор на СОУ ______________________________________________.
ДКСК на ____________________________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-1418/4 од 11.05.2023 година, за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.
Имајќи во предвид дека именуваната не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија со Решение број 14-3801/5 од 09.10.2023 година, барањето за поведување прекршочна постапка го отфрли согласно член 86 став 2 и член 87 став 2 алинеја 7 од Законот за прекршоците.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК